**СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА**

**31-ви март 2009 година**

Ве известуваме дека во организација на Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД во посета на Република Македонија пристигна професорот Харди Бујон.
Д-р Бујон има огромно искуство како професор, имено бил ангажиран на најпрестижните универзитети во Европа. Предавањата на различни универзитети, во различни држави во Европа, зборуваат за неговите многубројни искуства и професионален пристап кон работата.

Д-р Харди Бујон е ангажиран како Професор на Универзитетот за бизнис и економија во Виена. Професосот Бујон работи и како вонреден професор по филозофија на Универзитетот во Триер, Германија, гостин професор во Дисбург-Есен, Прага, Салцбург и Загреб. Професор Бујон е почесен член на Монт Пелерин организацијата и е член во академскиот одбор на повеќе Институти.

Професорот Бујон е автор на голем број публикувани книги и трудови Професорот Харди Бујон покрај издадените книги е автор и на повеќе од 100 академски трудови и студии, објавени на англиски, германски, италијански, румански, турски, кинески и виетнамски јазик.

Професор Харди Бујон пристигна во Република Македонија на покана на Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД како почесен гостин – професор на Меѓународната образовна програма на Институтот ОХРИД имплементирана во Универзитетот Американ Колеџ.

Институтот ОХРИД, објавува дека на 2-ри април, 2009 година предавањето на тема: „Корпоративно владеење и бизнис етика“ во склоп на Меѓународната образовна програма ќе го одржи реномираниот професор Харди Бујон од Германија.

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk